ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА КРУШЕВО

за 2024-2025

ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ОПШТИНА КРУШЕВО
за 2024-2025

Содржина

Предговор од градоначалникот ---- 3
1. **Вовед** ---- 4
2. **Национална легислатива и обврски** ---- 5
3. **Анализа на постоечка состојба** ---- 6
   3.1 Основни географски и демографски податоци на општината 6
   3.2 Количини на отпад (создаден и собран) и состав на отпадот 7
      3.2.1 Опис на постоечка состојба 7
      3.2.2 Управување со отпадот 7
      3.2.3 Создавање на отпад по видови 10
      3.2.4 Собирање и транспортирање на отпад 13
4. **Акциски план за 2024-2025** ---- 16
5. **Следење на реализација на ЛАП и известување** ---- 25
6. **Вклученост на засегнатите страни и комуникациска стратегија** ---- 27
Изјава за транспарентност ---- 28

Содржината на овој план е сопственост на Општина Крушево и резултат на повеќемесечен труд на членовите на работната група. Придонесот на САЛАР и на Шведската влада беше ограничен на обезбедување техничка помош и финансиска поддршка на процесот.

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions

Sweden
Sverige

Грб на насловна страна: MacedonianBoy — сопствено дело, CC BY-SA 3.0

Предговор од градоначалникот

Почитувани,

Крушево е чиста дестинација, со заложба постојано да ја унапредува заштитата на животната средина. Иднината на градот зависи токму од тоа колку ќе ги заштитиме околните шуми, колку ефективно ќе управуваме со отпадот и како ќе го одржуваме воздухот чист. Крушево е сместено на падините на Бушева планина и токму природата е најпопуларно прибежиште во жешките летни денови, а е извор на авантура, високо адреналински активности и истражување на природата.

Во изминатите години направивме сериозни инвестиции за подобрување на чистотата, подобрување на управувањето со отпад и неутрализирање на штетните ефекти од депонијата: набавка на опрема, преземање на активности поврзани со градската депонија надградба на капацитетите на комуналното претпријатие „Комуна“ Крушево кое управува со отпадот и зголемена контрола преку комунален инспектор. Постигнавме голем напредок, и денес Крушево е почисто место, со ефикасен систем за собирање, транспорт и одлагање на отпадот и зголемена свест кај граѓаните и посетителите.

По напорната работа во оваа област време е да исчекориме дополнително и нашата работа да ја подигнеме на ниво погоре. Време е за посериозно креиран план, време е да започнеме да постапуваме и кај граѓаните да ја подигнеме свеста за рециклирање, а преку таргетирање на дивите депонии да овозможиме ефикасно и безбедно складирање на отпадот. Исто така, време е да го намалиме производството на отпад, а целото граѓанство да биде високо свесно за селекција на отпадот.

По имплементацијата на овој План, Крушево го гледам како дестинација за пример, место од каде ќе се влечат поуки, планинско место без диви депонии со високоразвиена свест за рециклирање и домаќинства и претпријатија опремени со соодветни алатки и опрема за управување со отпадот.

Со Почит,
Ваш градоначалник
Томе Христоски

1. Вовед

На патот кон одржливо управување со отпадот, Република Северна Македонија веќе има преземено чекори кои постепено ги надминуваат постоечките проблеми за подобрување на системите за собирање и третман на отпадот и премин од линеарна во циркуларна економија. Новиот Закон за управување со отпадот[1], Планот за управување со отпад 2020-2030, воспоставувањето на регионалниот систем за управување со отпад, како и воспоставување на организации за проширена одговорност на производителите поставија солидна основа за воспоставување на ефективна оперативна рамка и подобрување на капацитетите и праксите на сите чинители во областа.

Следејќи ги насоките од регионалните планови за управување со отпад, во рамките на проектот „Одржливо управување со отпадот на локално ниво“ спроведуван од SALAR International, а финансиран од шведската влада преку Сида, беше развиен Оперативен регионален план за управување со отпад (ОРПУО) за пелагонискиот и југозападниот регион. Изработен заедно со општините од двата плански региона, ОРПУО претставува практичен документ кој ги локализира националните приоритети и цели и овозможува оптимално искористување на општинските ресурси. Инклузивниот и транспарентен процес го засили сопственоштвото врз планот и им овозможи на сите чинители подобро да ја разберат важноста на одржливото управување со отпадот.

Важен дел од целиот процес е и склучениот договор за заем од 55 милиони евра со Европската банка за обнова и развој кој вклучува изградба на три регионални депонии, набавка на возила и опрема како и техничка помош за поддршка на регионалниот систем за управување со отпад.

Заемот ќе обезбеди средства за нужното модернизирање на возниот парк на општинските комунални претпријатија и ќе ја нагласи клучната улога на (про)активното учество на општините во одржливото управување со отпадот.

Локалниот акциски план (ЛАП) за управување со отпад 2024-2025 на општина Крушево изработен со цел да се утврдат локалните политики за управување со отпадот, да се утврди опсегот на интервенциите и да се постават јасни цели со детални чекори за нивна реализација.

Насоките во планот за намалување на создадениот отпад и подобрување на локалните практики за селекција, собирање и депонирање на отпадот се во согласност со меѓународните стандарди и добри практики за цврст отпад и директно водат кон намалување на влијанието врз животната средина. Регионалната перспектива и нагласокот на меѓуопштинската соработка беа меѓу приоритетите при изработката на ЛАП. Спојувањето на двата региона (пелагониски и југозападен) во еден регион за управување со отпад создава можност, но и обврска за блиска соработка помеѓу општините. Интегрирањето на инклузивните процеси и родовата перспектива во финалниот документ ќе придонесе кон зголемена родова еднаквост, подобар пристап на ранливите групи до услугите во секоја од општините и подобрување на квалитетот на живот на населението.

Планот беше изработен од работна група посебно формирана за оваа цел, во состав:

1. **Станка Ефремова Трајкоска** – ВД директор на ЈП Комуна
2. **Ружица Трајковска** – Помлад комунален инспектор
3. **Владимир Златески** – Раководител на одделение за стручни и оперативно технички работи
4. **Евгенија Јуца** – Соработник за аналитика и планирање на ЛЕР и прекугранична соработка

1 Закон за управување со отпад (Службен Весник бр. 216/2021)

2. Национална легислатива и обврски

Развојот на законодавството и политиките од областа на животната средина се прилично динамични процеси и Република Северна Македонија постојано ги следи тековите и промените во еколошкото законодавство на ЕУ како правна база за изградба на еколошки стандарди во разни сектори на животната средина, вклучувајќи го и управувањето со отпадот. Во тој поглед, новиот **Закон за управување со отпад** ја транспонира европската директива за отпад (2008/98/ЕС) како и новата директива со измените од 2018 година (2018/851) со што се нагласува обврската на локалната самоуправа да управува со комуналниот отпад. Новиот закон јасно се повикува на начелата за заштита на животната средина, начелото на претпазливост и на начелото за универзалност на услугата за управување со отпадот и го допрецизира регионалниот систем за управување со отпадот како и улогите на националните и локалните актери. Со стимулација на мерки за намалување на количината на создаден отпад и одржливо управување со отпадот, Законот цели кон зачувување на ресурсите и спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина.

Националната стратегија за управување со отпад 2008-2020 ја одразува политиката за управување со отпад и претставува основа за подготовка и спроведување на интегриран и финансиски одржлив систем. Стратегијата обезбедува насоки за активностите во областа на управувањето со отпадот со цел да се надмине неприфатливата состојба на животната средина во земјава која има негативно влијание врз водата, почвата и воздухот како и врз човековото здравје.

Надоврзувајќи се на основата поставена од Стратегијата, **Националниот план за управување со отпад 2020-2030** ја дефинира рамката за креирање и функционирање на интегриран систем за управување со отпад во согласност со хиерархијата за отпад и законодавството на ЕУ и да се постигне еколошки безбедна преработка и отстранување на отпадот во согласност со приликите во Република Северна Македонија. Одржливо функционирање на базичната инфраструктура за управување со комуналниот отпад (организациски и финансиски структури, техничка инфраструктура и правна рамка) е основната цел на Планот.

Институционалната рамка за управување со отпад е јасно дефинирана. Министерството за животна средина и просторно планирање е институција која е одговорна за креирање на политиката за управување со отпад на национално ниво, додека политиката на локално ниво е одговорност на општините. Оперативните активности како што се собирање, селекција, транспорт и депонирање се организирани преку јавните комунални претпријатија. Колективните постапувачи се исто така дел од системот за управување со различни текови на отпад, како на пример отпад од пакување, отпад од електрична и електронска опрема, отпад од батерии и акумулатори и други текови отпад кои го помагаат управувањето преку воспоставување дополнителна мрежа за селекција и спроведуваат активности за подигнување на јавната свест.

Со цел обезбедување финансиски само-одржлив систем за управување со отпад, Законот за управување со отпад го наложува и промовира регионалниот пристап. **Регионалниот систем за управување со отпад** подразбира здружување на општините во пет региони, формирање на меѓуопштински одбори за управување со отпадот за секој регион и изградба на регионални депонии со кои ќе управува **Регионално комунално претпријатие**. Изготвувањето и следењето на реализацијата на **Регионалниот план за управување со отпад** е обврска на новоформираните организациски единици за управување со отпад во Центрите за развој на планските региони.

Регионалното управување со отпад претставува современ, стратешки пристап во управувањето со отпадот и предуслов за систематско решавање на проблемите со отпадот. Интегрираното регионално управување со комуналниот цврст отпад подразбира постепено затворање на несанитарните комунални и диви депонии откако новите регионални санитарни депониии ќе станат оперативни.

3. Анализа на постоечка состојба

3.1 Основни географски и демографски податоци на општината

Географија

Општината Крушево се простира на југозападниот дел од Република Северна Македонија. Во рамките на општината градот Крушево има централна местоположба и претставува административен, економски и културен центар на општината. Тој се наоѓа на надморска височина од 1250 м, со што претставува град со највисока надморска височина на Балканот. Општината Крушево е сместена во претежно ридско-планинско подрачје на надморска височина од 600 до 1800 м. Општина Крушево е распространета на ридско-планиски дел, при што ридскиот дел зафаќа 44%, а планинскиот дел 56% од вкупната површина од 201 км².

Слика 1. Географска положба на општина Крушево

Обработливата површина зафаќа 6199 ха, или 72 % од вкупната земјоделска површина.

Соседни општини се Кривогаштани и Долнени на исток, Македонски Брод и Пласница на север, Другово на запад, Демир Хисар на југозапад и Могила на југ.

Општина Крушево располага со следниве природни богатства:

Кварц – со чистота од 97-98 % во реоните на селата Саждево, Јакреново и Селце.

Боксит – со чистота од 28 % во реонот на селата Пуста Река, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци и Арилево.

Волфрам во количини доволни за експлоатација во реонот на селата Пуста Река, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци и Арилево.

Злато со просечна количина од 15 г/тон, во реонот на с. Пуста Река (рудник експлоатиран во време на римскиот период).1

Инфраструктура

Степенот на интегрираност на еден простор, обемот на движење на населението и размената на материјални добра и информации, зависи од квалитетот на комуникациската т.е. сообраќајната поврзаност со просторите во опкружувањето. Општината и градот Крушево сообраќајно се поврзани преку регионалните патни правци П 516 (Прилеп – Крушево – Сладуево) и П 517 (Крушево – Пуста Река – Цер), со магистралните патни правци М4 и М5, а преку нив со надворешната патна мрежа.

Низ територијата на Крушево не поминува магистрален пат. Најблискиот магистрален пат е правецот М5, кој поминува покрај Прилеп.

Клима

Територијата на општината Крушево, која се простира на ридскопланинско подрачје и на северозападниот дел од Пелагониската котлина, се карактеризира со умерено-континентална клима, со изразито влијание на планинската клима, од запад и котлинската клима, од исток.

Генерално, во градот доминира планинска клима со 2250 часа сончеви часови годишно. Средната годишна температура е 8˚Ц. Најстуден месец е јануари, со средна минимална температура од – 4,8˚Ц, додека најтопол месец е август, со средна максимална температура од 29,2˚Ц. Средната годишна минимална температура е 2,8˚ Ц и средната годишна максимална температура е 15,8˚Ц.

Просечните врнежи годишно изнесуваат 806 мм.

Хидрологија

Територијата на општина Крушево се карактеризира со слаба хидрографска мрежа. Најзначаен

водотек претставува реката Црна, која влегува на територијата на општината над селото Бучин, ги собира површинските и ги дренира подземните води. Главни притоки на реката Црна се реките Жаба, Журешница и Селишка река, кои извираат од Крушевската планина. Водостојот на реките е најголем при врнежите и топењето на снеговите, кога тие и се претвораат во порои.

Податоци за населението и домаќинствата во Општина Крушево

Општината Крушево, според бројот на жителите, спаѓа во помалите општини во Република Северна Македонија.

Во општината, со пописот на населението, домаќинствата и становите од 2021 година утврдено е дека општина Крушево има 8385 жители.

Според пописот од 2021 год. општина Крушево го има следното население по етничка припадност:

ОПШТИНА КРУШЕВО		
Национална структура	**Број**	**%**
Македонци	4316	51,48
Албанци	2461	29,36
Турци	283	3,37
Власи	867	10,34
Срби	10	0,12
Бошњаци	108	1,28
Роми	-	-
Останати	340	4,05
Вкупно	8385	100

Структура на населението според етничка припадност



Поради присуството на Албанско население над 29,36% , Општина Крушево е двојазична општина. Со Одлука на Советот на општина Крушево како службен јазик е прогласен и Влашкиот јазик.

3.2 Количини на отпад (создаден и собран) и состав на отпадот

3.2.1 Опис на постоечка состојба

Управување со отпад е збир на активности, мерки и одлуки наменети за избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад и неговото негативно влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето, вклучувајќи го и постапувањето со отпадот. Податоците кои даваат опис на постоечката состојба со управувањето со различни видови на отпад во општина Крушево, претставуваат сублимат од податоци добиени при теренско и канцелариско истражувањето спроведено во рамките на проектните активности. Во текот на прибирање на податоци беа вклучено стручни луѓе од јавното комунално претпријатие ЈП„КОМУНА“ , Сектор за локален економски развој и животна средина и др.

Дневната продукција на комунален цврст отпад по жител согласно приложените податоци изнесува 1,310 kg. Во сферата на управувањето со комуналниот отпад во рамките на Општината е вработен комунален инспектор чија ингеренција е да го елиминират исфрлањето на отпадот на места што не се предвидени за таа цел.

Во описот на моменталната состојба важна улога има и јавната свест на носителите-институции кои се надлежни и јавноста, во моментот постои недоволна комуникација меѓу заинтересираните страни на сите нивоа во врска со ова област, како и недоволна комуникација со јавноста, недостигаат проекти за подигање на јавната свест. Отпадот на ниво на општина Крушево го собира ЈП „Комуна“- Крушево, во градот Крушево, а по населените места Алданци, Арилево, Белушино, Борино, Бучин, Врбоец, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Јакреново, Милошево, Норово, Острилци, Пресил, Пуста Река, Саждево, Свето Митрани и Селце самото население го одведува собраниот отпад на дивите депонии во самите населени места.

Во однос на податоците за генерирање на отпадот во рамките на општина Крушево, постојат податоци само за градот Крушево. Просечно годишно се собира и депонира 1450 тони на комунален отпад.

3.2.2 Управување со отпадот

Управувањето со отпад претставува комунална услуга која произлегува од законската регулатива на Република Северна Македонија со цел создавање на здрава животна средина. Управувањето со отпадот претставуваа процес на собирање, селектирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на комуналниот отпад, вклучувајќи го и надзорот над овие операции, како и мерките за заштита

на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Подрачјето на управување со отпад во националното законодавство е уредено со низа на законски и подзаконски акти:

- Законот за животна средина;
- Законот за комунални дејности;
- Законот за управување со отпад;
- Законот за локална самоуправа;
- Законот за управување со пакување и отпад од пакување;
- Закон за управување со дополнителни текови на отпад;
- Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема;
- Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори.

Во согласност со Законот за отпад, Општините се одговорни за управувањето со одредени видови на отпад и тоа: организација на собирање, транспорт и депонирање на комуналниот отпад и инертен отпад; надзор над транспортот и депонирање на индустрискиот неопасен отпад; одлучување во врска со локациите на капацитетите за управување со отпад; издавање на локални прописи за управување со отпад; финансирање и надзор над затворањето на дивите депонии и прекинот на работата на капацитетите за управување со отпад.

Управувањето со комуналниот отпад во Република Македонија, генерално земено е на многу ниско ниво, односно управувањето со отпадот се сведува само на негово собирање и депонирање. И општина Крушево не е исклучок од оваа констатација. Современото живеење се карактеризира со се поголемо генерирање на цврст комунален отпад кој во кој се повеќе се застапени материјали кои потешко се разложуваат по природен пат. Неправилното третирање на овој вид на материјали може да предизвика загадување на животната средина. Исто така и несоодветното третирање на биоразградливиот отпад односно органскиот отпад е причинител на создавање на таканаречените “Green House” гасови (метан) кои се причинители на ефектот на стаклена градина. Исцедокот кој се создава при неконтролираното разградување на органската фракција од комуналниот отпад е причинител на загадувањето на површинските и подземните води.

Општина Крушево како дел од Пелагонискиот плански регион ,е вклучена во рамките на проектот Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагонискиот,југозападниот,Вардарскиот и Скопскиот плански регион,. За кој се изработија регионален план,стратешка оцена на животната средина за регионалниот план за управување со отпад, физибилити студија,студија за оценка на влијанието врз животната средина, воведување на регионален пристап на управување со отпад.

Изработката на документите за регионалниот план ќе послужи за изградба на систем за интегрирано управување со отпад, штоподразбира регионална депонија, трансфер станици и начинот на кој ќе изведува интегрираниот систем за управување со отпад.

Комуналниот отпад на територијата на општина Крушево се состои од отпад од: домаќинства, отпад од чистење на улиците и отпадоци од парковите, комерцијално- институционален отпад и отпад кој се создава од индустрискиот сектор со карактер сличен на отпадот од домаќинствата.

Собирањето на комуналниот отпад во градот Крушево се врши од страна на Јавното комунално претпријатие, кое за депонирање на комуналниот отпад ја користи депонијата лоцирана во месноста “Коле Налцо”. Со оваа услуга опфатени се 1350 домаќинства, а просечно се генерира 0.9 кг отпад по жител дневно. Количината на генериран отпад по жител се движи во рамките на просечното генерирање на отпад по жител дневно на ниво на Република Македонија. Собирањето на отпадот се врши со два камиони од 5м3 еден камион од 7м3 во 200 контејнери и треба да се потенцира дека поради постојната инфраструктура и немање на соодветни моторни возила, собирањето на отпадот во некои делови од градот се врши на крајно несоодветен начин односно со користење на трактори за транспорт на отпадот.

Другите населени места во општината не се опфатени со овој вид на комунална услуга и локалното население го остава отпадот на повеќе локални селски ѓубришта, покрај патиштата, мостовите, суводолиците и реките.

Во блиската околина на градот Крушево покрај претходно споменатите депонии кои се користат од страна на локалното јавно претпријатие постојат и повеќе мали ѓубришта кои се создадени од страна на несовесните граѓани и во кои покрај комуналниот отпад има ,градежен односно инертен отпад, индустриски неопасен отпад и отпад од ископана земја, песок во општината Крушево се генерира при активности на рушење или изградба на објекти, реновирање на објектите за домување, уредување и одржување на патиштата, ископи и поставување на инсталации од страна на конпании за дистрибуција и снабдување со електрична енергија,

телекомуникации, водовод и сл.Годишното количество на овој отпад зависи од градежните активности во јавниот и приватниот сектор на територијата на општината.

Во однос на податоците за генерирање на отпадот во рамките на општина Крушево, постојат податоци само за градот Крушево. Просечно годишно се собира и депонира 1450 тони на комунален отпад.

Согласно член 42-а од Законот за отпад (Службен весник на РМ бр. 68/2004, 71/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008, 82/09, 124/10, 9/11, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 156/15 и 63/16), управувањето со комуналниот отпад во општина Крушево му е доверено на Јавното Претпријатие „Комуна“ кое е основано од страна на општината.

ЈКП „Комуна“ - Крушево врши организирано собирање на отпадот на 4.104 жители во градот Крушево, а останатите рурални населени места во Општината не ги добиваат услугите поради трендот на иселување на жителите во одредени населени места, а во останатите нема распределено садови за отпад поради проста причина што тој отпад не е исплатливо да се враќа во општината и да се депонира на едната постоечка депонија.

ЈКП „Комуна“ Крушево во моментов има 39 вработени и е организиран со еден сектор и повеќе одделенија во рамките на истиот:

1. Сектор за административно стручни работи
    - Одделение за општи, правни работи и управување со човечки ресурси
    - Одделение за сметководство и наплата
    - Одделение за стручни и оперативно-технички работи

Во рамките на одделението за стручни и оперативно-технички работи се воспоставени три оддели и тоа:

- Оддел за оперативни технички работи
- Оддел за комунална хигиена
- Оддел за водовод и канализација
- Оддел за односи со корисници (наплата)

Потребата од воспоставување на соодветна организациска единица која ќе се грижи за безбедноста на објектите на јавното претпријатие кои се од исклучителна важност заради тоа што од нив зависи одржувањето на хигиената, водоснабдувањето и вршењето на други оперативно технички работи во Општината.

Секојдневното функционирање на ЈП Комуна Крушево и потребата од поголема ефикасност во наплатата за испорачаните услуги на граѓаните, од своја страна ја наметна потребата од поголема контрола на терен (откривање на диви приклучоци, навремено детектирање на дефектите на водоводната и канализациона мрежа и нивно отстранување, контрола на работата на Инкасантите/наплатувачи), како и давање можност на граѓаните непосредно да се обратат, информираат или пожалат поради извесни недостатоци или пропусти во работењето на јавното претпријатие.

Ефикасното извршувањето на овие работи, ја наметна потребата од формирање на посебна организациона единица, како самостојна целина во рамките на постојната структура на претпријатието, која ќе ја извршува функцијата - наплата на терен и односи со корисниците на комуналните услуги што ги дава претпријатието, што ја чини оваа функција тесно поврзана со самата дејноста на претпријатието (испорака на комунални услуги) .

Следејќи ја ваквата потреба, а имајќи ги предвид законските ограничувања во однос на бројот на систематизираните работни места (извршители), предвидени во член 17 став 5 од Законот за вработените во јавниот сектор, кои не дозволуваат зголемување на бројот на систематизираните работни места, надвор од законските ограничувања, се пристапи кон промена на организационите облици во постојната организациона структура на јавното претпријатие, се укина Одделението за безбедност заштита и спасување - како посебно формирано одделение во рамките на Секторот за административно стручни работи, а делокругот на работите што се извршува во рамките на ова одделние, се пренесоа и станаа дел од делокругот на работењето во Одделението за стручни и оперативни технички работи, каде и припаѓаат со оглед на природата на работите што се извршуваат во рамките на ова одделение, кое ги извршува работите од областа на дејноста на претпријатие, а работните места во одделението се од групата на работни места на давателите на услуги, како и работните места од сега укинатото Одделение за безбедност, заштита и спасување.

Со укинувањето на Одделението за безбедност, заштита и спасување, се “ослободија“ три работни места (извршители), со што се овозможи формирање на посебен Оддел за односи со корисници (наплата) во рамки на постојното Одделение за стручни и оперативно технички работи, кое е носител на дејноста на претпријатието - испорака на комуналните услуги на граѓаните, како крајни корисници, консументи на тие услуги.

Целта на раководителот на одделението за стручни и оперативно технички работи е раководење и организација на работата во одделението и обезбедување ефикасност и контрола во работењето. Целта на раководителот на од-

делот за односи со корисници е организирање, насочување и координирање на работата во одделот, со давање на упатства за работата и потребна стручна помош на инкасантите/наплатувачи и контрола на нивната работа на терен.

Општинска депонија

Отпадот собран од страна на ЈП „Комуна“ Крушево, се носи на депонијата за индустриски и комунален отпад, која е лоцирана во локалитетот Коле Налчо и зафаќа 4400 m2 површина и истата не ги задоволува ниту минималните стандарди за депонија. Отпадот во градот Крушево е организиран и се врши секојдневно.

Поради секојдневното депонирање големи количини смет на мала површина, за краток временски период ќе биде потребно изнаоѓање решение, односно Општината со Советот на град Крушево да одреди нова локација. Место каде што освен депонирање , ќе се врши и селектирање, со цел за економска добивка и одржливост на дејноста.

На тој начин ќе се обезбеди итно решение за критичниот проблем со депонирање на отпадот во општината, а решението нема да биде во конфликт со регионалните планови и усвоениот пристап во националните стратешки документи.

Забележлив е трендот на зголемување на собраниот отпад во последните неколку години, пред се како резултат на подигање на свеста кај жителите на општината за чиста животна средина, особено со донесувањето на Законот за јавна чистота.

ЈП „Комуна“ го собира отпадот од домаќинствата, подигање на контејнерите што се распоредени низ градот и околу хотелските зони, секој ден од понеделник до петок, а контејнерите во централното градско подрачје, се собираат и во сабота и недела. Изнесување на смет од населените места на општината што се наведени претходно не се врши воопшто.

Генерално на ниво на општината не се врши селектирање на отпадот, односно не е воспоставен систем за селектирање на специфични типови на отпад согласно законските одредби. Меѓутоа на ниво на градот Крушево се прават напори да се започне со имплементација на системот на селектирање на отпад. Населените места кои немаат организирано собирање на отпад, својот отпад го исфрлаат на места т.н. диви депонии.

3.2.3 Создавање на отпад по видови

Комунален отпад

Постојниот начин на постапување со цврстиот отпад не го опфаќа селектирањето и рециклирањето на оние фракции од комуналниот отпад што може да бидат рециклирани. На територијата на општина Крушево се прават напори за воспоставување на систем за селектирање и селективно собирање на посебните компоненти од комуналниот отпад. Во меѓувреме, цврстиот отпад главно завршува на општинската дива депонија.

Собирањето на отпадот се врши со два камиони од 5м3 еден камион од 7м3 во 200 контејнери и треба да се потенцира дека поради постојната инфраструктура и немање на соодветни моторни возила, собирањето на отпадот во некои делови од градот се врши на крајно несоодветен начин односно со користење на трактори за транспорт на отпадот.

Комуналниот отпад (КО) е значајно застапен во вкупните количини отпад создадени во општината. КО го вклучува отпадот кој е собран од домаќинствата, отпадот собран при одржувањето на јавната хигиена и отпадот од парковите, комерцијалните субјекти, институциите, како и отпадот создаден во индустријата, а е сличен на отпадот од домаќинствата. Мал дел од отпадот од комуналниот отпад е опасен: малите преносливи батерии кои содржат тешки метали и киселини, пакувања со остатоци од бои, разредувачи, киселини, алкалии, површинско активни материи, инсектициди и сл. Создавањето на комуналниот отпад во Општината, го следи доследно општото правило дека, во густо населените урбани области се создаваат поголеми количини КО отколку во подрачјата со предоминантно рурален карактер.

Преведено на месечно ниво, во месеците на туристичката сезона, количините на биоразградлив отпад. хартија и картон, пластика (првенствено ПЕТ) и мешовито пакување, се очекува да бидат зголемени.

Создавањето на диви депонии во општина Крушево, главно се должи на ниска свест на населението за заштита на животната средина и неефикасното спроведување на законската регулатива за изрекување на казни од страна на соодветните органи. Најчести локации на кои се создаваат диви депонии во деловите од општината кои не се опфатени со организираниот систем за собирање и транспорт на отпад се покрај локалните патишта, канали и реки.

Отпад од пакување

"Отпад од пакување е секое пакување или материјал за пакување што создавачот или поседувачот ги исфрла, има намера да ги исфрли или од него се бара да ги исфрли, освен остатоците од производството"

На национално ниво, не постои организиран формален систем за собирање и рециклирање на отпадот од производи и пакување. Постојат мали капацитети, кои не се доволно активни, за рециклирање на метали, хартија и картон, како и PET и PVC амбалажа. За другите рециклабилни материи постојат обиди истите да се собираат преку индивидуални собирачи или од страна на неформални групи на граѓани, главно од пониските социјални слоеви.

Во Република Македонија постојат четири правни лица кои имаат дозвола за третман на отпад од пакување (колективни постапувачи), согласно со член 21 од Законот за управување со пакување и отпад од пакување (Службен весник на Република Македонија бр. 161/09, 17/11, 41/11, 136/11, 6/12 и 39/12).

Индустриски отпад

"Индустриски неопасен отпад е отпадот што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад". Индустрискиот отпад се состои од сите видови на отпад создадени во индустриите, како од самиот индустриски процес, така и од било кој друг извор во рамките/кругот на индустрискиот капацитет (исклучувајќи го комуналниот отпад). Индустрискиот отпад вообичаено се јавува како:

- неопасен отпад (сите видови отпад создадени во рамките/кругот на индустрискиот капацитет, кои не содржат како конституенти опасни супстанци, или кои содржат опасни супстанци под утврдените гранични концентрации) и
- опасен отпад (видови опасен отпад наведени во Листата на видовите отпад и означени со ѕвездичка).

Отпадот кој доаѓа од индустриите како и останатиот комунален отпад се собира и се депонира на градската депонија во зависност од видот на отпадот. Јавното комунално претпријатие има склучено договор со индустриските капацитети за подигање на отпадот и истиот редовно се подига во согласност со динамиката на подигање, транспортирање и одлагање на отпадот воспоставена од ЈП „Комуна". Во Општина Крушево постои една индустриска зона Опаленик.

Според Законот за управување со отпад во надлежност на Општината е само управувањето со индустрискиот неопасен отпад, додека управувањето со опасниот индустриски отпад е надлежност на државата, односно централната власт. Законодавството дозволува депонирање на неопасниот индустриски отпад на депонии за комунален отпад.

Врз основа на усвоениот закон во „Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план" (Службен весник 89/2005) се наведени критериумите и роковите што операторите на инсталациите мора да ги исполнат со цел да поднесат барања за интегрирани еколошки дозволи или лиценци за усогласување со оперативен план. Ова се прави со цел да им се даде доволно време на операторите да постигнат усогласеност со барањата за нивните инсталации во согласност со најдобрите достапни техники (НДТ) одобрени од страна на Европската комисија. Крајниот рок за постигнување на овие цели беше 1-ви април 2014 година, во согласност со Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Критериумите во прописите ги делат инсталациите на два типа, А и Б - инсталации, во зависност од капацитетот и видот на производство на инсталацијата. Тип А - инсталациите се базирани на истите критериуми поставени за капацитет дадени во Директивата за ИСКЗ и се опишани во Анекс 1 од Регулативата за ИСКЗ.

Медицински отпад

Медицинскиот отпад (МеО) е отпадот создаден во здравствените институции (диспензери, болници, поликлиники и амбуланти, стоматолошки ординации, ветеринарни станици итн.). Овој отпад потекнува од искористените предмети и материјали како резултат на дијагностицирање, медицински третман и превенција на заболувања кај луѓето и животните. Според податоците од литературата, од вкупното количество на отпад што се создава од активностите за здравствена заштита, околу 80% е општ отпад сличен на домашниот отпад. Останатите 20% се смета за опасен материјал што може да биде инфективен, токсичен или радиоактивен (СЗО, 2011). Во рамките на општината постои Здравствен дом и една Ветеринарна станица и истите

не генерираат позначајни количини на медицински отпад. Генерираните количини на овој вид на отпад не се третираат посебно и истите заедно со комуналниот отпад се депонираат на депониите.

Посебни видови на отпад

Земјоделски отпад

Земјоделскиот отпад е делумно регулиран со закон за управување со отпад, а делумно со законодавството во областа на земјоделието.

Во општина Крушево обработката на земјиштето се одвива на полуекстезивен начин. Вкупната земјоделска површина во општината изнесува 13807 хектари, од кои обработливо земјиште 4022 хектари и 9785 хектари пасишта.

Обработливото земјиште е составено од 2974 хектари ораници и бавчи, 75 хектари овоштарници, 26 хектари лозја и 947 хектари ливади.

Животински нус-производи (Животински измет)

Општината не располага со податоци за количеството отпад создаден од активностите на одгледување на добиток. Најверојатно овој отпад делумно се искористува за наѓубрување на почвата, но Општината сепак се соочува со големи проблеми во постапувањето, особено со неговото складирање.

Практиката за користење на животинскиот измет како ѓубриво не е пропратена со соодветна обука на фармерите за процесите на неговото компостирање и планирана (контролирана) примена на компостот на почвата. Во моментот, не е извршена анализа за да се одреди дали примената на овој вид на ѓубриво на одредени обработливи површини е ризично или не.

Состојби со опасен отпад

"Опасен отпад е отпадот што по својот состав или концентрации на опасни супстанции може да предизвика опасност по животната средина, животот и здравјето на луѓето и коишто имаат едно или повеќе опасни својства, како што се: експлозивност, реактивност (оксиданси), запаливост, надразливост, токсичност, инфективност, канцерогеност, мутагеност, токсичност за репродукција, екотоксичност и својства на испуштање отровни гасови при контакт со вода, воздух или киселина, утврдени во согласност со овој закон или друг пропис, а притоа во Листата на видовите отпад е наведен и посебно обележан како опасен отпад, вклучувајќи го и секој отпад што е измешан со опасен отпад;"

Согласно Законот за управување со отпад (Сл.в на Р.М бр.68/04, бр.71/04, бр.16/04, бр.107/07, бр.102/08, бр.143/08 и бр.124/10год.) во член 6, Опасниот отпад не смее да завршува на ниту едно нерегулирано место и несмее да се одложи на депонија за комунален неопасен отпад.

Во Општина Крушево не се води сметка за сепарирање на опасниот отпад од домакинствата (батерии, масла, акумулатори, масти и др.) соодветно собирање и третман. Поради тие причини е потребно подигање на јавната свест за состојбата и проблемите со отпадот (мешањето на опасниот со комуналниот отпад) и третман и складирање на индустриски опасен отпад согласно IPPC дозволи.

Во однос на медицинскиот отпад на територијата на целата општина истиот се превзема од овластената фирма „РЕМОНДИС МЕДИСОН ДОО" – Битола која потоа постапува согласно законот.

Отпадни батерии и акумулатори (ОБА)

Вкупната количина на отпадни батерии и акумулатори (преносливи, автомобилски и индустриски) која се создава во Општината не е позната. Според Националниот План за управување со отпад, количината на создаден отпад автомобилски батерии и акумулатори во земјата изнесува 1500 тони/година. Старите батерии што се користат во апаратите за домаќинствата се отстрануваат, главно, како составен дел на комуналниот цврст отпад на депониите.

Старите автомобилски акумулатори што се создаваат во земјата не се собираат и обично завршуваат на диви депонии или се мешаат со цврстиот комунален отпад и се отстрануваат на комуналните депонии. Не постои организирано собирање на стари автомобили; сепак, остатоците од автомобилите обично се собираат од неформални собирачи и се преработуваат за искористување на резервните делови или како стари метали.

Отпадна електрична и електронска опрема (ОЕЕО)

"Отпадна електрична и електронска опрема" е отпад од електрична и електронска опрема во согласност со одредбите на Законот за управување со отпадот вклучувајќи ги сите составни делови, потсклопови и потрошни делови и материјали кои се дел од производот во моментот на исфрлање (во натамошниот текст: отпадна опрема).

Отпадната електрична и електронска опрема (ОЕЕО) во моментов се мета за еден од најбрзо растечките текови на отпад. ОЕЕО содржи голем број на опасни

супстанции, а во исто време и вредни материјали. Исто така постои и временска разлика меѓу моментот во кој производот се пушта на пазарот и кога истиот се отфрла.

Еден европски граѓанин располага просечно со 362 kg ОЕЕО. Поделено на посебни фракции, главните фракции се : бела техника (135 kg), уреди за разладување (63 kg), ТВ/HiFi опрема (86 kg) и компјутери (37 kg). Постојат различни

методи за одредување на создадените количества ОЕЕО.

Според анкетата на домаќинствата спроведена во рамките на 2-годишниот проект „Балканска е-мрежа за застапување при управување со отпад“, иницирана од Фондацијата Метаморфозис (www.metamorphosis.org.mk) и кофинансирана од ИПА Програмата за граѓанско општество на Европската унија 2008 највисок процент, или 99% од вкупното население има фрижидер, 94% имаат машина за перење, 92% имаат печка, 53% имаат некаков електричен уред, додека само 20% имаат електрична машина за кафе. 40% од вкупното население што отстранило фрижидер од дома (што е 34%) го дало фрижидерот како донација/подарок, додека 30% го дале или продале на „старо купувам“.

Ситуацијата е слична со оние 27% домаќинства кои ја исфрлиле машината за перење од нивниот дом. 33% од нив ја дале машината како донација/подарок, додека 35% ја дале или продале на „старо купувам“.

Законот за ОЕЕО на Република Македонија стапи на сила во 2014 година. Една од комапниите кои управуваат со ОЕЕО е Елколет од која и добивме податоци за количини на овој отпад.

Стари возила

Податоци за создадени количини стари возила на локално ниво не постојат, додека според Националниот план за управување со отпад, на национално ниво се создаваат 17.500 парчиња/година стари возила. На локално и национално ниво не постои организирано собирање на стари искористени возила. Сепак, остатоците од старите возила обично се собираат од страна на неформалниот сектор (индивидуални собирачи) и се праработуваат за искористување на резервните делови или како стари метали.

Отпадни гуми

Отпадни гуми се гуми од моторни возила (автобуси, камиони, приколки, мотоцикли и друго), земјоделски машини, градежни машини и слично чијашто употребна функција завршила, сопственикот има намера да ги отфрли, ги отфрла или од него се бара да ги отфрли

Податоци за создадени количини отпадни гуми на локално ниво не постојат, меѓутоа од нашата теренска посета увидовме неколку локации на кои има периодично горење на гуми кое не е соодветно со начинот на постапување со ваков тип на отпад.

Градежен отпад и шут

Градежните активности генерираат големи количества на отпад, кој може да се искористи повторно во истата техничка гранка, како суровина или како адитив.

Најзастепениот инертен отпад, градежниот шут (отпад од градење и рушење) потекнува од активностите како градење на објекти/згради и цивилна инфраструктура, целосно или делумно рушење и реконструкција на објекти/згради и цивилна инфраструктура, одржување на патна инфраструктура. Овој отпад обично се состои од: бетон, плочки, арматура, асфалтно поплочување, асфалтен покривен материјал, дрвена граѓа, гипсени плочи, камен, земја и ситни остатоци. Иако главнината на отпадот е инертна, овој отпад може да содржи и состојки од опасен отпад (азбест, ПВЦ, третирано дрво со средства за заштита и сл.), за што постојната пракса како на национално, така и на локално ниво не обрнува доволно внимание.

Моментално на територијата на општина Крушево постои дива депонија за депонирање на градежниот отпад (шут).

Податоците за инертен отпад/градежен шут, се мошне ограничени. Се создава при изведување на градежни, преработувачки, занаетчиски работи и други дејности, кои создаваат инертен отпад (градежен шут). За жал, сеуште постојат случаеви кога овој отпад, најчесто нерегуларно се остава на локации блиску до местото на генерирање. Според податоците од Националната стратегија за управување со отпад (2008-2020год) секој жител генерира 240 кг/годишно градежен шут, т.е во општина Крушево се создава 500 тони градежен отпад/шут на годишно ниво.

3.2.4 Собирање и транспортирање на отпад

Организација на собирање

Организирано собирање на отпад во општина Крушево, се врши во следниве населени места:

- градското централно подрачје во Крушево со 1.300 домаќинства;
  - Реон 1 со 685 домаќинства;
  - Реон 2 со 570 домаќинства.

Со цел да се овозможи најбезбедно и најекономично собирање и транспортирање на комуналниот и другиот неопасен отпад од местото на неговото создавање до местото на неговото отстранување, воспоставена е организациона интегрирана шема за собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад и другите видови на неопасен отпад.

Изнесувањето на отпадот се врши непрекинато, систематски и без застој. Повремен застој може да се јави во случај на дефект или при лоши временски услови.

Тип на сад за отпад	волумен	број
	120 l	550
	1,1 m3	56

Собирањето на комуналниот цврст отпад се реализира во согласност со изработената Програма за одржување на јавната чистота на подрачјето на општина.

Крушево од ЈП „Комуна“. Динамиката на изнесување, транспортирање и депонирање на комуналниот цврст отпад, изготвена е во зависност од густината на населението, количината на отпадот и условите за изнесување на истиот. Динамиката на празнење на контејнерите е во согласност со програмата, односно еднаш до два пати неделно. Изнесувањето на отпадот се врши непрекинато, систематски и без застој. Повремен застој може да се појави само во случај на лоши временски услови. Собирањето на комуналниот цврст и технолошкиот отпад, се врши во специјални садови и тоа: 56 контејнери со запремнина од 1,1 m3, распоредени на територијата на градот и 550 канти за отпад од 120 l, распоредени на физички лица.

Најголем процент од населението во урбаните средини користи контејнери од 1,1 m3 со тркала. За разлика од нив во руралните средини, поголем дел од населението го одлага отпад во индивидуални канти или пластични кеси; додека помал дел отпадот го одлага во контејнери од 1,1 m3 лоцирани во централните делови од населените места.

Претпријатието редовно ја одржува чистотата на јавно прометните површини и централното градско подрачје, влезот и приодните патишта во градот. Претпријатието ја одржува чистотата и хигиената на местата предвидени за спорт и рекреација, како што се пешачките патеки коне езерото, спортски објекти, тениско игралиште и др.

Одржувањето, метењето, чистењето и миењето на јавно прометните површини, плоштадот и тротоари, зависи од повеќе услови, потреби и параметри: Фрекфенција на луѓе и моторни возила, Густина на население, Степен на нечистотија, Изградба на објекти, План за одржување, Социјални и културни навики на граѓаните.

Одржувањето на јавно прометните површини се врши со:

- рачно метење
- машинско метење
- рачно миење
- миење со цистерна

Транспортни возила

Собирањето на комуналниот и другите видови на неопасен отпад се врши со специјални моторни возила кои што обезбедуваат сигурен и безбеден транспорт на отпадот од местото на неговото собирање до местото на неговата крајна испорака односно депонирање. Возилата овозможуваат натовареният отпад да биде безбеден за транспорт. Истите се соодветно обележани за да се види јасно нивната намена и вршителот на јавната услуга. Составен дел на опремата на возилата се и средствата за собирање на расфрлениот отпад надвор од садовите за собирање на отпадот.

Специјалните моторни возила треба да ги исполнуваат важечките барања и стандардите за димензиите, вкупните маси и осното оптеретување и редовно да се одржуваат во исправна состојба.

Претпријатието располага со 3 специјални комунални возила и два трактори.

Возилата и средствата за извршување на овие дејности се со голема старост и амортизираност. Често доаѓа до дефекти на моторните делови, а почесто и на самата надградба и хидраулика. Со тоа понекогаш се намалува квалитетот и темпото за извршување на дејностите.

Табела 1: Вкупна количина на создаден и собран отпад по вид и години во тони и м^3

ОПШТИНА КРУШЕВО						
ВКУПНА КОЛИЧИНА НА СОЗДАДЕН И СОБРАН ОТПАД ПО ВИД И ГОДИНА (ВО ТОНИ)						
	2020		2021		2022	
	Создаден	Собран	Создаден	Собран	Создаден	Собран
Хартија						
Стакло		7		8		8
Пластика		9		10		10
Органски отпад						
Останат комунален отпад		1454		1502		1572
ВКУПНО	**3500**	**1470**	**3140**	**1520**		**1590**
% на сортиран отпад	1.09		1.18		1.13	
% на собран отпад	42.00		48.41		/	
% на домаќинства покриени со услуга	100		100		100	
% на наплатен надомест	96,5		100		97	
ВКУПНА КОЛИЧИНА НА СОЗДАДЕН И СОБРАН ОТПАД ПО ВИД И ГОДИНА (ВО ТОНИ)						
Градежен отпад		280		330		330
Кабаст отпад						
ВКУПНО		**280**		**330**		**330**

Табела 2: Возила за управување со отпад во општина Крушево

ОПШТИНА Крушево					
ВОЗИЛА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНАТА					
Назив на возило	Модел	Тип	Година на производство	Капацитет (м^3)	Вкупен број вакви возила
Трактор John Deere	45-50	2018	2018	2	1
Трактор	IMT 539	2006	2006	2	1
Камион за смет	HYUNDAI	2012	2012	5	1
Камион за смет	ISUZU	2021	2021	7	1

4. Акциски план за 2024-2025

ОПШТИНА КРУШЕВО									
Приоритет 1		Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници							
Цел 1.1		Подобрено собирање и транспортирање на отпадот преку планирање							
Акција 1.1.2 и 1.1.3		Анализа на маршути за собирање и потребни возила, вклучувајќи типови и број на контејнери / канти; Анализа на потребниот број и големина на собирни центри за одредени видови отпад							
Координација со:		ЈП Комуна Крушево, колективни постапувачи, засегнати страни							
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
1.1.2.1	Изработка на план за реализација на анализите	1 месец	1/2024	Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и ЈП Комуна Крушево	/	/	Консултација со експерт за отпад	Не постои анализа за потребната опрема и број и големина на собирни центри Потреба од адаптирање на маршутите за собирање отпад Постојат предизвици поврзани со собирањето и транспортот на отпадот	Подготвен извештај со препораки за потребна опрема и број и големина на собирни центри за одредени видови отпад Утврден план за оптимални маршути за собирање на отпад Обезбедено поефикасно собирање и транспорт на отпадот во соработка со колективните постапувачи и фирми
1.1.2.2	Реализација на анализите преку собирање на потребните податоци од терен (разгледување на населените места и консултација со населението)	1 месец	2/2024	Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и ЈП Комуна Крушево	30.000,00 ден	општински буџет	/		
1.1.2.3	Подготовка на извештај со препораки за потребни возила и опрема како и потребен број и големина на собирни центри за одредени видови отпад	3 месеци	3/2024	Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.	/	/	Консултација со експерт за отпад		
1.1.2.4	Организација на средби со засегнати страни (колективни постапувачи и фирми) за поефикасно собирање и транспорт на отпадот	3 месеци	1/2024	Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.	/	/	Консултација со комунален инспектор и одделение за правни и општи работи и јавни дејности		

Приоритет 1		Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници							
Цел 1.1		Подобрено собирање и транспортирање преку планирање							
Акција 1.1.6		Развивање и испорака на образовни програми за вработените за соодветни организациски процеси у управување со податоци							
Координација со:		САЛАР							
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
1.1.6.1	Анализа на потребите за видот образовни програми наменети за вработените	3 месеци	1/2024	Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и ЈП Комуна Крушево	/	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Експертска поддршка - САЛАР	Нема организирани образовни програми наменети за вработените	Соодветни образовни програми се развиени и испорачани на вработените Најмалку 40% од обучените се жени
1.1.6.2	Развој на соодветни образовни програми врз основа на идентификуваните потреби	2 месеци	2/2024	Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и ЈП Комуна Крушево	/	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Експертска поддршка - САЛАР		
1.1.6.3	Испорака на образовните програми за вработените	6 месеци	3/2024 - 4/2024	Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и ЈП Комуна Крушево	120.000,00 ден	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Експертска поддршка - САЛАР		

Приоритет 1		Обезбедување услуги (собирање и транспорт на отпад) на што е можно повеќе корисници							
Цел 1.2		Зголемен возен парк и број на канти/контејнери							
Акција 1.2.1		Идентификување на извори на финансирање и ефективно финансиско планирање							
Координација со:		ЈП Комуна Крушево и САЛАР							
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
1.2.1.1	Формирање работна група од ЛЕР и финансии	1 месец	1/2024	Одделение ЛЕР (животна средина) и Одделение Финансии	/	/	/	Не постои редовно следење на извори на финансирање	Изворите на финансирање редовно се следат и се подготвуваат полугодишни извешати
1.2.1.2	Следење на актуелни или идни повици за финансирање	24 месеци	1/2024 - 4/2025	Работна група	/	/	Техничка поддршка - САЛАР		
1.2.1.3	Полугодишен извештај за извори за финансирање и финансиско планирање	24 месеци	1/2024 - 4/2025	Работна група	/	/	Техничка поддршка - САЛАР		

Приоритет 2		Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад							
Цел 2.2		Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот							
Акција 2.2.1 и 2.2.2		Анализа на пазарот на материјали за рециклирање и трошоци за селекција на отпадот							
Координација со:		САЛАР							
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
2.2.1.1	Ангажман на експерт за спроведување на анализата	1 месец	1/2024	Одделение за ЛЕР	/	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Координација со претставници на засегнатите страни и САЛАР	Не постои сеопфатна анализа	Подготвена анализа на пазарот на материјали Дефинирана најмалку една можност/придобивка која специфично се однесува на жените при селекција и рециклирање на отпад
2.2.1.2	Спроведување на сеопфатна анализа на пазарот според однапред утврдена методологија	2 месеца	2/2024	Одделение за ЛЕР	/	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Координација со претставници на засегнатите страни и САЛАР		
2.2.1.3	Изработка на извештај за можности за селекција и рециклирање на отпад и трошоци/ придобивки	1 месец	2/2024	Одделение за ЛЕР	150.000,00 ден	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Координација со претставници на засегнатите страни и САЛАР		

Приоритет 2		Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад							
Цел 2.2		Создавање на пресретлива/поволна средина за селекција на отпадот							
Акција 2.2.4		Подигнување на јавната свест и мотивирање на населението за придобивките од селекцијата на отпад							
Координација со:		надворешни засегнати страни и САЛАР							
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
2.2.4.1	Едукативни настани со граѓани за придобивните од селекција на отпад	2 пати годишно	1/2024 - 4/2025	Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и ЈП Комуна Крушево	20.000,00 ден	општински буџет	Поодршка и координација со колективните постапувачи	Ниско ниво на информираност на населението за придобивките од селекцијата на отпад	Подигнување на степенот на информираност кај населението за придобивките од селекција на отпад Спроведена најмалку една активност специфично наменета за подигнување на степенот на информираност на ранливите групи
2.2.4.2	Споведување на мини еко канпањи преку културни настани (10 дена Крушевска Република)	24 месеци	1/2024 - 4/2025	Одделение за животна средина	20.000,00 ден	општински буџет	Поодршка и координација со колективните постапувачи		
2.2.4.3	Спроведување на кампања за подигнување на свеста за придобивките од селекција на отпад	18 месеци	3/2024 - 4/2024	Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и ЈП Комуна Крушево	200.000,00 ден	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Поодршка и координација со САЛАР, колективните постапувачи, НВО и други засегнати страни		

Приоритет 2		Воведување на систем за селекција на отпад и собирање на посебни текови на отпад							
Цел 2.3		Обезбедување капацитети и опрема за селекција на отпад							
Акција 2.3.2 2.3.4 и 2.3.7		Идентификување локации за капацитети за селекција на отпад и набавка на машина за балирање, контејнери, канти и возила							
Координација со:		ЈП Комуна Крушево, МЖСПП и САЛАР							
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
2.3.2.1	Анализа на потенцијални локации за селекција на отпад	1 месец	2/2024	Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и ЈП Комуна Крушево	/	/	Координација помеѓу ЈП Комуна-Крушево и Општина Крушево (Одделение за локален економски развој и прекугранична соработка)	Локации за селекција не се утврдени Нема доволен број на машини и опрема за управување со отпад	Локаците за селекција на отпад се утврдени Набавена е дополнителна опрема за управување со отпад
2.3.2.2	Анализа на пазарот за видови на машини за балирање на отпад и избор на машина	1 месец	2/2024	Сектор за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и ЈП Комуна Крушево	/	/	Координација помеѓу ЈП Комуна-Крушево и Општина Крушево (Одделение за локален економски развој и прекугранична соработка)		
2.3.2.3	Утврдување на потребен број возила, канти и контејнери	1 месец	2/2024	ЈП Комуна Крушево	/	/	Координација помеѓу ЈП Комуна-Крушево, Општина Крушево (Одделение за локален економски развој и прекугранична соработка) и МЖСПП		
2.3.2.4	Набавка на опремата и нејзино поставување на соодветни локации во општината	3 месеци	3/2024	Општина Крушево и ЈП Комуна Крушево	Дополнително ќе биде утврден (предмет на јавна набавка)	Централен буџет - МЖСПП	Координација помеѓу Општината Крушево и ЈП Комуна-Крушево		

Приоритет 5		Затварање и санација на ѓубришта							
Цел 5.1		Изработени се општински планови за затворање и санација							
Акција 5.1.1		Мапирање на општински ѓубришта							
Координација со:		ЈП Комуна Крушево и САЛАР							
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
5.1.1.1	Собирање на податоци/мапирање на општински ѓубришта	1 месец	3/2024	ЈП Комуна Крушево и Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина	/	/	/	Општинските ѓубришта не се ажурирани Не постои регионална база на податоци	Општинските ѓубришта редовно се ажурираат Креирана е регионална база на податоци за ѓубришта
5.1.1.2	Извештај за лоцирани општински ѓубришта	1 месец	4/2024	ЈП Комуна Крушево и Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина	/	/	/		
5.1.1.3	Изработка на регионална база на мапирани ѓубришта	6 месеци	1/2025 - 2/2025	ЈП Комуна Крушево и Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина	150.000,00 ден	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Техничка поддршка од САЛАР		

Приоритет 5		Затворање и санација на ѓубришта							
Цел 5.1		Изработени се општински планови за затворање и санација							
Акција 5.1.2 и 5.1.3		Изработка на приоритетна листа на ѓубришта и проценка на трошоците за активности (вклучување на активностите во општинските буџети)							
Координација со:		ЈП Комуна Крушево							
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
5.1.2.1	Изработка на приоритетна листа на ѓубришта според утврдена методологија	2 месеци	4/2024	ЈП Комуна Крушево и Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина	/	/	Техничка поддршка од САЛАР	Не е изработена приоритетна листа на ѓубришта и проценка на трошоците за санација и затворање	Изработена е приоритетна листа на ѓубришта и направена е проценка на трошоците за санација и затворање во 2025
5.1.2.2	Идентификување потребни средства за санација и затварање на депониите	1 месец	4/2024	ЈП Комуна Крушево и Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина	/	/	Техничка поддршка од САЛАР		
5.1.2.3	Вклучување на идентификуваните средства во општинскиот Буџет	1 месец	4/2024	ЈП Комуна Крушево и Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина	/	/	Техничка поддршка од САЛАР		

Приоритет 6		Обезбедување приход кој целосно ќе ги покрие трошоците за управување со отпад							
Цел 6.1		Спроведена е анализа за пропустите во надоместоците за отпад							
Акција 6.1.1		Идентификување на јазот помеѓу приходите и расходите на активностите за управување со отпад							
Координација со:		ЈП Комуна Крушево и САЛАР							
Активност		Времетраење	Временска рамка (квартално или полугодишно)	Одговорни за спроведување (сектор, одделение)	Индикативен буџет (на ниво на активност, освен во исклучителни ситуации)	Извор на финансирање (централен буџет, општина, донатор)	Потребна поддршка (техничка, посебна експертиза, обука, менторство, модалитети за соработка/ координација)	Почетна состојба (на ниво на акција)	Цел/индикатор (на ниво на акција)
6.1.1.1	Ангажирање на експерт за спроведување на анализата	3 месеци	1/2024	ЈП Комуна Крушево и Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина	/	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Експертска поддршка од САЛАР	Не постои анализа за јазот меѓу приходите и расходите	Подготвен извештај со препораки за надминување на јазот помеѓу приходите и расходите
6.1.1.2	Спроведување на сеопфатна анализа на приходите/расходите за управување со отпад и извештај	3 месеци	2/2024	ЈП Комуна Крушево и Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина	200.000,00 ден	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Експертска поддршка од САЛАР		
6.1.1.3	Усвојување на препораките и нивно спроведување од страна на ЈП Комуна крушево	12 месеци	1/2025 - 4/2025	одделение за животна средина	/	Донаторска поддршка - Сида/САЛАР	Експертска поддршка од САЛАР		

5. Следење на реализација на ЛАП и известување

Следењето, верификацијата на податоците и известувањето на овој ЛАП за одржливо управување со отпад ќе играат клучна улога во неговото ефикасно спроведување. Методите кои ќе бидат применети за следење на неговата реализација ќе имаат цел да го осигураат напредокот кон постигнување на целните индикатори за секоја од акциите на овој ЛАП.

За непрекинато следење на ЛАП е предвидено општинската работната група за управување со отпад да се среќава по потреба, но најмалку еднаш месечно. На таа средба ќе се координираат активностите и дискутира напредокот во реализацијата со осврт на сработеното и воочените потешкотии. За утврдување на степенот на реализација, ажурирање на активностите и анализа на сработеното, предвидена е евалуација на ЛАП кон крајот на првата година (2024). Ова ќе гарантира дека ЛАП ќе остане динамичен плански документ кој одговара на новоидентификуваните потреби и предизвици. Искуството стекнато во процесот како и научените лекции ќе бидат од непроценлива важност при изработката на новиот Регионален план за управување со отпад 2026-2031.

Континуираното известување и комуникација со сите актери вклучени во реализацијата на планот ќе овозможи навремени прилагодувања, на тој начин зголемувајќи ја приспособливоста и ефективноста на ЛАП. Модалитети на меѓуопштинска соработка се веќе вклучени во планот што ќе овозможи споделување на добрите практики и научените лекции со другите општини во регионот. Два ротирачки члена на управниот одбор на проектот „Одржливо управување со отпад на локално ниво“ доаѓаат од општините во пелагонискиот и југозападниот регион што ќе овозможи блиска комуникација со донаторската задница и засилена поддршка за реализација на активностите од планот.

Користењето на различни алатки како што се истражувања и теренски активности, заедно со верификацијата на податоците од општинската евиденција, извештаите и повратните информации од засегнатите страни и граѓаните, ќе ја гарантира веродостојноста на процесот на следење.

Посветеноста на општината кон континуирано следење и известување на овој ЛАП не само што ќе го зајакне неговиот кредибилитет, туку и ќе воспостави основа за донесување одлуки базирани на докази, промовирајќи го одржливото управување со отпадот во нашата општина.

Табелата подолу ги опишува очекуваните еколошки, социјални и економски влијанија на Локалниот акциски план (ЛАП), истовремено осигурувајќи дека неговата имплементација останува усогласена со принципите на одржливост, избегнувајќи негативни последици врз животната средина и социо-економските можности на жителите во општината.

Бр.	Прашања	Да	Не	Забелешка
1	Дали ЛАП ќе има негативно влијание врз животната средина? Дали ова влијание е големо, без преседан и неповратно? Објаснете накратко		не	Напротив со активностите кои се планираат да се спроведат од планот ќе се подобри состојбата во животната средина и ќе има позитивно влијание. Крушево како чиста дестинација постојано прави заложби да ја унапредува заштитата на животната средина. Иднината на градот зависи токму од тоа колку ќе ги заштитиме околните шуми, колку ефективно ќе управуваме со отпадот и како ќе го одржуваме воздухот чист.
2	Дали влијанието оди вон рамките на планот? Дали реализацијата на планот оди вон рамките на планирањето? Објаснете накратко		не	Реализацијата на ЛАП е во рамките на планирањето.
3	Дали планот вклучува промени или деградација на природните живеалишта? Објаснете накратко		не	Планот нема да предизвика промени или деградација на природните живеалишта.
4	Дали планот ќе го влоши квалитетот на водата во општината?		не	Напротив може да има само подобрување со почиста средина.
5	Дали планот ќе го влоши квалитетот на почвата во општината?		не	Со активностите кои се планираат да се спроведат со ЛАП-от а тоа е мапирање и намалување на локалните диви депонии секако дека ќе се зачува квалитетот на почвата. Почвата како природен ресурс мора да се заштитува од секакви оштетувања (деградација) и да се запази нејзиниот квалитет и продуктивност. Бидејќи почвата е уништлив и тешко обновлив природен ресурс, таа треба да се заштитува од секакви влијанија, било да се работи за почва во природните екосистеми или екосистеми кои се наоѓаат под управување од страна на човекот. Факторите кои предизвикуваат деградација на почвата, според потеклото можеме да ги поделиме на фактори од природно и антропогено потекло.
6	Дали ЛАП има негативно социјално влијание? Дали ова влијание е големо, без преседан и неповратно? Објаснете накратко		не	ЛАП нема негативно социјално влијание.
7	Дали планот има влијание врз материјални и/или културни ресурси кои што се значајни за локалната заедница? Објаснете накратко		не	Нема да има влијание врз културните ресурси.
8	Доколку постојат повеќе етнички заедници во вашата општина, дали реализација на планот ќе има негативно влијание врз квалитетот на живот на некои од нив? Објаснете накратко		не	Реализација на Планот се очекува да има само позитивно влиание врз квалитетот на животот за сите еднички заедници во општината.
9	Дали планот ги зема предвид жените и младите девојки како посебна група граѓани и дали ќе има влијание врз квалитетот на нивниот живот? Објаснете накратко	да		Планот ќе има позитивно влијание врз квалитетот на животот и на жените посебно што тие се грижат за отпадот создаден во домаќинствата.
10	Дали планот ги зема предвид ранливите групи граѓани и дали ќе има влијание врз квалитетот на нивниот живот? Објаснете накратко	да		Посебно за тоа што ќе се создадат услови за полесно и поблиско да се собира отпадот.
11	Дали планот вклучува губење на имот или средства за живот на жителите во општината? Објаснете накратко		не	Нема да има губење на имот и средства на граѓаните.
12	Дали планот ќе има негативно влијание врз економските можности и пристапот до пазарот на труд на жителите на општината? Објаснете накратко		не	Напротив ќе има позитивно влијание врз економските можности и пристап до пазарот на трудот со тоа што чиста животна средина е попримамлива за инвестирање.

6. Вклученост на засегнатите страни и комуникациска стратегија

Во мисијата да го подобриме управувањето со отпадот и да придонесеме кон поздрава животна средина во нашата општина, нашиот комуникациски пристап ќе се стреми кон активно вклучување на граѓаните и засегнатите страни, позиционирајќи ги како клучни актери во процесот на трансформација кон одржливи пракси. Преку ефективна комуникација, ќе настојуваме да негуваме заеднички идентитет на еколошки свесна општина, користејќи ги дигиталните комуникациски канали и другите средства за информирање кои ни стојат на располагање.

Нашата намера е активно да ги вклучиме граѓаните и засегнатите страни во заедничките напори на општината да ги имплементира активностите од ЛАП. Остварувањето на целите од планот бара поголема свесност, промени во односот на населението кон отпадот и трансформативни промени во начинот на кој комуналните претпријатија се справуваат со отпадот. Колективна посветеност кон одржливи пракси за управување со отпад кај секој граѓанин во нашата заедница ќе се постигне преку програмата за кревање на јавната свест, едукативните програми и таргетираните кампањи за поддршка на одредени активности од ЛАП и програмите за јакнење на капацитетите на општините и комуналните претпријатија.

Активното вклучување на засегнатите страни во сферата на отпадот (кои што беа идентификувани на почетокот на процесот за изработка на ЛАП) ќе биде најважниот аспект на нашата комуникациска стратегија. Во нашите напори за почиста и поодржлива општина, ние ќе настојуваме да ги вклучиме сите членови на заедницата, вклучувајќи ги бизнисите, невладините организации, медиумите, неформалниот сектор, како и јавните институции. ЛАП, неговото спроведување и сите негови промени ќе бидат отворено комуницирани и коментарите ќе бидат земени предвид. Комуникациските канали ги вклучуваат социјалните мрежи, веб страницата на општината, емаил, радио, телевизија и директна комунникација со општинската администрација. Нашиот пристап за вклучување на засегнатите страни ќе биде воден од принципите на отворена комуникација, инклузивност и заедничко одлучување.

Преку негувањето силни врски со засегнатите страни, имаме за цел да изградиме мрежа за поддршка која активно ќе придонесува кон исполнување на целите и приоритетите од акциски план за управување со отпад. Со заеднички напори, ќе настојуваме да ја искористиме колективната мудрост и различните перспективи, на тој начин осигурувајќи дека нашите постапки се целосно усогласени со потребите и желбите на целата заедница. Реализацијата на планот зависи од сите нас.

Изјава за транспарентност

Почитувајќи ги принципите на одговорно владеење, Општина Крушево ја препознава важноста на справување со ризиците од корупција за време на имплементацијата на овој акциски план. Тргнувајќи од тоа, ние сме целосно посветени на спроведување соодветни антикорупциски мерки за да обезбедиме транспарентност и правичност во нашите активности за управување со отпад.

Оваа заложба е во согласност со нашата цел да промовираме одговорни пракси, да ги заштитиме ресурсите, како и да промовираме пристап кој целосно ги заштитува интересите на заедницата при реализацијата на активностите од овој ЛАП за управување со отпад.

При реализацијата на овој акциски план, нашата цел е да бидеме постојано будни, да ги препознаеме појавите на нетранспарентни пракси, и на тој начин да создадеме средина која дава приоритет на интегритетот и одговорното управување со отпадот на локално ниво.

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions

Sweden
Sverige

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale

ЗЕЛС